# ЕДНА НЕВЕСТА КАЛЕША




*Една невеста калеша*
*на висок чардак седеше,*
*бела пченица требеше,*
*девет голаби ранеше,*

*девет голаби ранеше,*
*ранеше и му велеше:*
*– „Голаби мои, мили братја,*
*вие високо литате.*

*Вие високо литате,*
*широко поле гледате.*
*Дал' ми видоте момчето,*
*момчето мое, либето?“*

*– „Мори невесто калеша,*
*ти го видоме момчето,*
*На шејтан пазар шеташе,*
*за тебе бакшиш купваше.“*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978